ТоплификацијА АД - Скопје
Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

До:

Македонска берза на хартии од вредност АД

Лондонска бр.8
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел.централа: +389(0)2/30 97 600
Факс: +389(0)2/30 76 057

kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk

дата: 05.03.2018

**Предмет: Известување**

Согласно член 35 од Правилата за котација, Топлификација АД го дава следното известување:

По однос на пресудата од Апелациониот суд ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 каде тужител е Топлификација АД Скопје а тужен Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје за долг вредност на спор 383,623,254 денари по основ на договори за заем, **Врховниот суд на Република Македонија донесе конечна пресуда Рев1бр.197/2017 со која ревизијата на тужителот (Топлификација АД) се усвојува**, се преиначува пресудата од Апелациониот суд ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 односно жалбата на тужениот се одбива како неоснована и се потврдува Пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-212/16 од 02.11.2016 година.

Согласно пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје 5 ТС-212/16 од 02.11.2016 година, судот го усвои тужбеното барање на Топлификација АД Скопје и го задолжи ТЕ-ТО АД Скопје во рок од осум денови од приемот на пресудата да и исплати на Топлификација АД Скопје главен долг во износ од 383,623,254 денари и законска казнена камата од датумот на доспевање на главниот долг по секој договор за заем до неговата исплата.

До овој момент вкупното побарување на Топлификација АД од ТЕ-ТО АД по основ на оваа пресуда е 704,833,000 денари односно цца 11,4 милиони евра (главен долг 383,623,254 денари и камата пресметана од ден на достасување на заемите до денес во износ од 321,209,000 денари).

Ова се само дел од вкупните побарувања што ги има Топлификација АД Скопје спрема ТЕ-ТО АД по основ на исплатени средства по договори за заем, каде што Топлификација АД Скопје е заемодавател а ТЕ-ТО АД Скопје е заемопримач.

Во тек се уште две постапки, односно две тужби каде тужбеното барање е по истиот основ како и тужбата за која е донесена конечната пресуда од Врховен суд на РМ каде Топлификација АД е во својство на тужител, а ТЕ-ТО АД Скопје во својство на тужен, од кои едната е на износ од 15,395,204 денари а другата е на износ 930,593,856 денари.

**Топлификација АД Скопје**